**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Општина ДЕМИР ХИСАР**
**Бр. 11-762/9**
**27-12-2023год.**
**ДЕМИР ХИСАР**

Врз основа на член 62, став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020), член 22 став 1 точка 1, член 63 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), а во врска со Мислењето на Комисијата за урбанизам формирана со Решение бр.08-1492/1 од 12.12.2022 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар, донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

***за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на столбна трафостаница со бетонски столб (БСТС 10/(20)/0,4 kV), 50 кВА и линиски вод 10(20) kV за снабдување со електрична енергија на Базна станица за мобилна телефонија- PLP 4088, со намена Е1.8 инфраструктури за пренос ан електрична енергија, на КП 1898/1, КП 2990, КП 3085, КП 3174 и КП 3175 КО Жван, Општина Демир Хисар***

1.**СЕ ОДОБРУВА** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на столбна трафостаница со бетонски столб (БСТС 10/(20)/0,4 kV), 50 кВА и линиски вод 10(20) kV за снабдување со електрична енергија на Базна станица за мобилна телефонија- PLP 4088, со намена Е1.8 инфраструктури за пренос ан електрична енергија, на КП 1898/1, КП 2990, КП 3085, КП 3174 и КП 3175 КО Жван, Општина Демир Хисар.

2.Ова решение стапува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инвеститорот А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со седиште на ,,Плоштад Пресвета Богородица" бр.1 Скоје, преку овластениот полномошник, ,Гео Балкан" ДООЕЛ Битола, поднесе Барање заведено под број 11-762/1 од 26.07.2023 година за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на столбна трафостаница со бетонски столб (БСТС 10/(20)/0,4 kV), 50 кВА и линиски вод 10(20) kV за снабдување со електрична енергија на Базна станица за мобилна телефонија- PLP 4088, со намена Е1.8 инфраструктури за пренос ан електрична енергија, на КП 1898/1, КП 2990, КП 3085, КП 3174 и КП 3175 КО Жван, Општина Демир Хисар, изработен од ,,Гео Балкан" ДООЕЛ Битола кој

поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0082, издадена од Министерство за транспорт и врски на 04.08.2014 година, со важност до 04.08.2024 година.
Во прилог на барањето е доставена следната документација:

1. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со техн.бр.11-09/1/2023 од септември 2023 година изработен од „Гео Балкан" ДООЕЛ Битола кој поседува лиценца за изработка на Урбанистички планови број 0082 издадена од Министерство за транспорт и врски на 04.08.2014 година, со важност до 04.08.2024 година.
2. Извештај од Ревизија на Урбанистички проект со тех.бр.0909/255 од октомври 2023 година изработена од ФОРМИ ДООЕЛ Битола, кое поседува лиценца за ревизија на урбанистички планови издадена од Министерство за транспорт и врски со број 12 со важност до 01.09.2016 година
3. Полномошно од управителите на А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, заверено кај нотар Анета Петровска Алексова со бр.УЗП 5123/2022 од 08.04.2022 година
4. Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога со Дел.бр 08-186/4 од 12.05.2022 година изработен од „ГЕО БАЛКАН" ДООЕЛ Битола и Анекс на Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога со Дел.бр. 08-186/4-1 од 09.06.2022 година
5. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат 1110-12/2022 од 03.08.2022 година
6. Услови за планирање на просторот со техн.бр У28722, декември 2022 година
7. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање- Сектор за планирање на просторот со Арх.бр.УП1-15 2377/2022 од 13.12.2022 година
8. Проектна програма со тех.бр.11-09/2022 од февруари 2023 година
9. Решение за одобрување на проектна програма издадено од Општина Демир Хисар бр.11-182/4 од 11.04.2023 година
10. Потврда за финална тополошка контрола од 12.09.2023 година
11. Податоци и информации мислења од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности:
    - Агенција за цивилно воздухопловство со број 12-8/940 од 01.09.2022 година
    - АЕК со број 1404-2567/2 од 19.08.2022 година
    - Телеком со број 45550 од 05.09.2022 година
    - Национални енергетски ресурси до број 15-2621/2 од 09.09.2022 година
    - ЕВН со број 10-26/4-229 од 07.09.2022 година
    - МЕПСО со број 11-4910/1 од 13.09.2022 година
    - ЕСМ со број 08-5199/1 од 12.09.2022 година
    - МЗШВ со број 40-11499/4 од 01.12.2022 година
    - Управа за заштита на културно наследство со број 08-2353/2 од 22.09.2022 година
12. Мислење за утврдена состојба издадено од АКН Скопје под број 0939-11232/4 од 02.10.2023 година
13. 12.Одлука за неспроведување на стратегиска оцена Бр. 11-762/5 од 15-11-2023 и Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за

просторно планирање со кое се прифаќа Одлуката, Бр. 15-22537/2023 од 21-12-2023 год.

При спроведувањето на законски предвидената постапка, согласно член 47 став 6 работната верзија на проектната документација со барање за мислење по однос на планските решенија што се во врска со нивните надлежности беше доставена до институциите кои одговориле на барањето за податоци и информации во фазата на изработка на проектна програма. Доставени се позитивни мислења од следните институции:

1. ЕВН со број 10-25/3-400 од 05.09.2023 година
2. МЕПСО со број 10-5027/1 од 31.08.2023 година
3. Телеком со број 51850 од 18.08.2023 година
4. ДЗС Подрачно одделение Крушево со број 09-313/3 од 05.09.2023 година
5. ЈПДП со број 10-7982/2 од 04.09.2023 година
6. МЗШВ со број 40-7663/2 од 23.08.2023 година
7. Агенција за цивилно воздухопловство со број 12-8/1158 од 17.08.2023 година

Исто така, Урбанистичкиот проект беше ставен на увид на јавноста за што е изготвен Записник со бр.11-762/6 од 28.11.2023 година дека во предвидениот рок не се доставени забелешки. Согласно наведеното Комисијата за урбанизам формирана со Решение бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 година, а врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот Мислење со број 11-762/7 од 29.11.2023 година со кое се потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање и му предлага на Градоначалникот да го одобри Урбанистичкиот проект.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Решението.

Изработил: Клара Тодоровска д.и.а

Klara Todorovska Digitally signed by Klara Todorovska Date: 2023.12.27 10:09:21 +01'00'

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Градоначалник

Никола Најдовски